ГРАД СКОПЈЕ
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 214

Наш број: 09-10429/1
24. 09. 2024
Скопје

Врз основа на член 45 став 1 од Закон за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20 215/21 и 99/22), Секретарот на Град Скопје донесе

# О Д Л У К А

1. За извршител на работното место УПР0101Б04000 **Раководител на Одделение за помошни работи**, Одделение за помошни работи, Сектор за општи работи, се избира кандидатот **Елизабета Јовановска.**
2. Именуваната ќе биде вработена на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за вработување.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 16.08.2024 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“ и на интернет страницата на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас број 220/2024 за вработување на административен службеник во Град Скопје.

Комисијата за селекција за вработување формирана со Решение на директорот на Агенцијата за администрација бр.10-1235/3 од 15.08.2024 година ја спроведе постапката за селекција за вработување.

По спроведената постапка за селекција за вработување, Комисијата изготви Конечна ранг-листа и Предлог кандидати за вработување за јавен оглас 220/2024 со којшто му предложи на Секретарот на Град Скопје за работното место УПР0101Б04000 Раководител на Одделение за помошни работи, Одделение за помошни работи, Сектор за општи работи, да го избере кандидатот Елизабета Јовановска..

Врз основа на наведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата.

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Избраниот кандидат
- Секторот за управување со човечки ресурси
- Агенцијата за администрација
- Архивата

**Град Скопје**
**Секретар**

**Зоран Глигоров**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT - SHKUP

24.09.2024